Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 5 август 2021 година

Скопје, август 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:45 часот.

На седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа: Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Снежана Наџаковска и Ирена Арнаудовска – Малинкова од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и д-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања..

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров и

членовите на Владата: д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за отстапување на нафтени деривати од стоковните резерви без надомест

2. Информација за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Министерството за економија, со Предлог-одлука

3. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## <u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отстапување на нафтени деривати од стоковните резерви без надомест и ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од стоковните резерви без надомест, со следните заклучоци:

- Основ за донесување на Одлуката да биде член 13, став 1 од Законот за стоковните резерви, имајќи предвид дека не постои законски основ за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати преку Агенцијата за задолжителни нафтени резерви - МАКОРА;

- Текстот на Одлуката номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, а во членот 1 од Одлуката да се наведе видот на нафтениот дериват кој се отстапува - еуродизел БС.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Министерството за економија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Министерство за економија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

По повод донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија и справување со непредвидливите последици од истите Владата заклучи:

- Се задолжува Бирото за јавни набавки да даде согласност на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапка со преговарање без објавување на оглас согласно член 55 од Законот за јавните набавки, за набавка на 15.000 литри млазно гориво за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување (по 500 литри на ден за претстојните 30 дена).

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:20 часот.

| | |
|---|---|
| **ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **Tahir Hani** | **dr. Artan Grubi** |